Servisea

Годишно обраќање на Сервисеа за 2020

Почитувани клиенти, партнери и симпатизери на Сервисеа,

Со ова обраќање би сакале да направиме своевиден отчет за нашето досегашно работење во оваа тешка 2020 година, која ќе остане забележана по пандемијата на Ковид-19 и тешките последици кои ги поднесоа жителите на нашата земја како резултат на истата, како од здравствен така и од економски карактер. Освен за досега реализираното ќе продискутираме и за нашата визија за работењето на Сервисеа во иднина, како и за нашите планови како ќе ја остваримe истата.

Работата околу стратегијата и визијата на фирмата, изработката на веб страната на Сервисеа, дизајнот на логото и трговскиот назив на друштвото како и присуството на социјалните медиуми започнавме да ги градиме на почетокот на 2020. Регистрацијата на фирмата беше остварена неколку месеци подоцна, а официјално започнавме со работа при крајот на мај 2020 година. Без клиенти и без никакви приходи ја започнавме нашата мисија во просториите на ФФ Дизајн, чиј сопственик е Јован Филиповиќ . Знаејќи колку секој почеток е тежок, ни дозволи бесплатно да користиме канцелариски простории во рамки на фирмата. За тоа сме му бескрајно благодарни. Со порастот на обемот на работа бевме приморани да бараме ново решение. Потрагата се исплатеше и од октомври 2020 сме на нашата постоечка адреса Бул.Туристичка 50, во скалестата зграда.

Од почетокот тргнавме со замислата дека Сервисеа не смее да биде обична фирма. Сервисеа е фирма формирана од млад тим со единствена мисија- да се помогне на нашите сограѓани во секојдневната борба со администрацијата. Со таква благородна мисија пред себе, ниедна сложена задача, ниеден аларм во 6 часот наутро, ниеден конференциски разговор до 10 часот навечер не претставуваше залудно потрошено време. Производот кој Сервисеа го нуди на своите клиенти не се само документи, фасцикли и комплицирани изјави и договори. Да не се лажеме, го работиме и ова 😊, но главните продукти кои Сервисеа ги нуди на своите клиенти се нивното слободно време и нашето знаење и искуство.

Servisea

Времето кое го заштедуваме на нашите клиенти, кои со нашето дејствување можат да се посветат на развивање на својот бизнис или да го поминат дома со своето семејство е од непроценливо значење. Заштедата на време беше причината многу од нашите први клиенти да ни пристапат и побараат помош од нас. Бидејќи првите клиенти се паметат, неминовно е во овој дел да го споменеме Орхан, кој беше првиот човек кој и даде шанса на нашата нова и дотогаш непроверена фирма. Орхан, благодариме😊!

Кога кон очигледната заштеда на време ќе се додаде и фактот дека Сервисеа се ориентира во многу од правните и административните процеси подобро од било кој индивидуален граѓанин, имаме добитна комбинација. Нашите консултанти се во секојдневен контакт со најмалку 3-4 државни и приватни институции, сé во функција на решавање на случаи на наши постоечки клиенти. Со секој остварен контакт сме побрзи и поефективни во решавање на било кој проблем или процедура.

Првите чекори ги изодевме релативно успешно во 2020 година. Годината што ни претстои 2021, и без отежнатите услови со пандемијата, ќе е предизвик за граѓаните, но и за Сервисеа. 2021 ќе биде одлучувачка дали нашето присуство на пазарот е потребно. Се надеваме дека во нашето годишно обраќање за 2021 година ќе Ве известиме дека нашата замисла и труд се исплателе и дека ќе сме тука за Вас и во 2022, но и со години понатаму.

Визијата на Сервисеа не завршува тука. Следниве стратешки цели се наоѓаат пред нас и нашето работење во иднина:

Финансиска стабилизација и раст

Ако финансиската стабилизација на фирмата се достигне, идејата е капацитетите на фирмата да се зголемат, а да се рашират и областите во кои пружаме помош на македонските граѓани и фирми. Во првата фаза развојот би водел преку технолошки решенија кои ќе ни овозможат работа на поголем број предмети од постоечкиот, а во втората фаза би се насочиле кон вработување на нови консултанти и давање шанса на наши млади колеги со правно образование кои се моментално достапни на пазарот на труд.

Servisea

Раширени и подобрени услуги

ЕУ, европска интеграција и европско право
Со сигурните чекори на Македонија кон членство во Европската Унија многу од постоечките правни и административни процеси во земјава ќе претрпат значајни промени, а ние ќе бидеме тука да помогнеме на нашите клиенти во тој турбулентен период.

Услуги за фирми
2020 не беше успешна година за Сервисеа од аспект на соработка со фирми. Свесни сме дека фирмите во Македонија работеа во отежнати услови поради пандемијата, но исто така сме свесни дека нашата понуда можеби не беше доволно добра за дел од фирмите да се одлучат да препуштат дел од своите правни и административни обврски на Сервисеа. Затоа ќе работиме денонoќно додека не ја најдеме формулата која ќе пружа доволна вредност за фирмите од нашето опкружување да ни доверат дел од нивните обврски.

Јакнење на брендот Сервисеа

Ќе продолжиме со градење на добрата репутација и препознатливоста на нашиот бренд во Македонија, но и во странство. Нашите услуги се често барани од Македонци кои живеат во странство како и од странски државјани кои имаат потреба за остварување на работи во земјава. Се надеваме дека во 2021 ќе ја комплетираме англиската верзија на нашата веб страница, а во долгогодишната стратегија на Сервисеа фигурираат и превод на албански, турски и другите јазици на националностите кои живеат во Македонија.

Едукација и бесплатна помош

Паралелно ќе продолжиме да работиме на зајакнување на правната едукација на населението. Се надеваме дека со нашата рубрика Корисни текстови и натаму ќе помагаме во активното информирање на граѓаните за нивните права и обврски.

Servisea

Доколку еден или двајца наши читатели ги одбраниле или побарале своите права пред институциите благодарение на нашите текстови, ние сме го направиле својот дел кон подобрување на правната средина во Македонија. Сервисеа е горда на секој свој успех во 2020 година. Ниту еден од нашите успеси немаше да се оствари доколку зад нас не стоевте Вие, нашите почитувани клиенти, партнери и поддржувачи. Затоа би сакале да Ви се заблагодариме за се што сторивте за нас во 2020 и да Ви посакаме многу успешна 2021 година.

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО